РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4422/2
25-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68-та седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4422/1 од 01.11.2021 година против судија ----------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-4422/1 од 01.11.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познати подносители, на ден 01.11.2021, поднесена е пријава против судија ------------------------------------------ и оформен е предмет број 12-4422/1 од 01.11.2021 година.

Во пријавата, насловена како барање за одговорност, се наведува дека во 2017 во ---------------------------------------------- од страна на сосед било поднесено барање за поправка на делови од станбена зграда во етажна сопственост, еднострано без да биде известен судскиот совет. Согласно наводите од пријавата, во текот на постапката било извршено вештачење од вешто лице за кое подносителите сметале дека не е извршено соодветно поради што побарале иземање на ова вешто лице, но судот во целост го прифатил вештачењето, а подносителите биле задолжени со парични средства за изградба на кров. Во продолжение се укажува на сомневање дека судечкиот судија во постапката не ги почитувал одредбите од Законот за домување и Законот за сопственост и други стварни права и непрофесионално ја вршел работата со што му овозможил на предлагачот изградба на кров без законски основ. Во пријавата се дава образложение на текот на настаните во судската постапка, како и за комуникацијата меѓу соседите во врска со овој настан, а се

наведува и дека во моментот на поднесување на пријавата до ДКСК во тек е жалбена постапка пред ----------------------------------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата не се содржани конкретни наводи или незаконитости кои упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на службени лица, односно во истата се изразува незадоволство од постапување на судија, како и дека постапува надлежен орган во жалбена постапка, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**